совет за етика во
медиумите на македонија

03.09.2015г.

## ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Елида Зилбеари за текстот "Некои „албански" медиуми со македонски сопственици", објавен на 10.07.2015 година на интернет порталот zhurnal.mk**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 10, 11, 13 и 16.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

Член 10.

*"Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз било која основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)."*

Член 11.

*"Новинарот ќе се придржува и на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности на Македонија (...)."*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

Член 16.

*"Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употребува својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 10.07.2015 година, лицето Елида Зилбеари поднесе жалба за текстот "Некои „албански" медиуми со македонски сопственици", објавен на 10.07.2015 година на интернет порталот zhurnal.mk. Во жалбата се тврди дека текстот е базиран на претпоставки, содржи клевета, навреди и шпекулации. Понатаму, во жалбата се вели дека текстот е манипулативен на штета на друг медиум, користејќи говор на омраза и национализам. Жалителот вели дека текстот не содржи проверени информации, а не се консултирани и двете страни, односно се констатира дека има само еден соговорник кој претпоставува и шпекулира. Според тоа, жалителот бара текстот да се тргне, а авторот да се извини.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот Журнал со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Новинската агенција Журнал достави одговор и ја обжали поднесената жалба. Од Журнал тврдат дека "жалбата нема никаков аргумент од правен аспект, бидејќи веста објавена на 10.07.2015 година не е базирана на претпоставки, тука на изјава на поранешниот заменик генерален директор на МРТВ Нијази Муахмеди, кој обвинува дека истоимените медиуми ја злоупотребуваат албанската јавност, бидејќи третираат теми кои не се во интерес на албанската заедница во Македонија". Во продолжение се тврди дека "во истиот текст нема шпекулации бидејќи интернет порталите кои се наведени во текстот спаѓаат во групата на проектот на Метаморфозис и исто така лицето кое го регистрирал доменот е Филип Нешковски. Во истиот текст не е користен говор на омраза, туку обвинување од страна на г-дин Муахмеди дека се злоупотребуваат пари од страна на странските донатори кои финансираат и дел од медиумите на албански јазик." Во продолжение на писмото се вели дека "обвинувањето е од страна на г-дин Муахмеди кој е висок стручњак во областа на комуникологијата и функционирањето на медиумите во Македонија". Редакцијата на Журнал, според објаснувањето, само ја пренела неговата изјава и, според тоа, „како

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

редакција немаме никаква вина и затоа одлучивме текстот да не се тргне од нашата новинска агенција"

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 25.08.2015 година Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Елида Зилбеари, направи увид во наведениот текст, а го разгледа и одговорот добиен од Журнал.

Комисијата констатираше дека авторот го започнува текстот со тврдењето " **Македонските Албанци се информираат од страна на медиумите со маски на "луѓе кои зборуваат албански", кои се контролирани преку уредувачката политика на македонските сопственици."**, и притоа во понатамошниот дел од текстот не нуди факти и аргументи за ова тврдење. Комисијата ова тврдење го оцени како дефетистичко и тенденциозно и дека не може да се толкува како употреба на стилско изразно средство , поради тоа што авторот наметнува ( спротивно на политичко-правната и економската наука) етничка димензија на универзалните пазарни економски односи - правата на работа и сопственост , но и на правото на слободно изразување и мислење. Дотолку повеќе што, авторот сопственото мислење го камуфлира како факти.

Понатаму авторот презентира интервју со поранешниот заменик - директор на Македонската Радио Телевизија (МРТВ), Нијази Мухамеди, кој исто така дава етничка димензија на универзалните пазарни економски односи. Меѓу другото тој вели: **"Овие портали прават дестабилизација на општеството и создаваат еден вид на ресоцијализација со странска агенда. Вршат пропаганда во која дискурсот на македонската идеологија се интерпретира како албанска. Изгледаат како албански но само буквите им се на албански. Тоа се странски**

**агенди кои преку медиумите ја пренесуваат македонската идеологија меѓу Албанците. Ова се нарекува политичка асимилација на еден народ".**

Поради ова, Комисијата најде дека авторот на текстот при изборот на фактите не обезбедил објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори и во конкретниот текст не обезбедил "втора страна". Понатаму членовите на Комисијата сметаат дека со ваквиот начин на еднострано и тенденциозно презентирање на фактите се предизвикува непријателство и омраза спрема етничка припадност, со тоа не се почитуваат етничките различности во Македонија, а авторот го употребува медиумот и за пресметка со колеги од други медиуми.

***

Поради горенаведеното, Комисијата за жалби најде дека во текстот "Некои „албански" медиуми со македонски сопственици", објавен на 10.07.2015 година на интернет порталот zhurnal.mk, прекршен е член 1 од Кодексот на новинарите, според кој проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството и затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку од два меѓусебно неповрзани извора. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. Новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека во споменатиот прилог прекршен е и член 10 кој вели дека медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка

припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн.

Понатаму, Комисијата најде дека е прекршен член 11 според кој новинарот ќе се придржува и на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности на Македонија

Комисијата заклучи дека во текстот е прекршен и член 13 според кој новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Комисијата заклучи дека е прекршен и член 16 според кој новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употребува својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска и Беким Ајдини.

**Се обврзува интернет порталот zhurnal.mk во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски